Врз основа на член 50, став 1, алинеја 9 од Статутот на Технички факултет - Битола, Деканатската управа на седницата одржана на 12.02.2008 год. донесе

# П Р А В И Л Н И К

## за стекнување и распоредување на приходот од апликативна и научо-истражувачка дејност (пречистен текст)

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Поаѓајќи од ставот за единственост во наставно-образовната, научно-истражувачката и апликативна дејност во Факултетот, стекнувањето на прихдот во сите основи се третира како единствен приход во Факултетот.

## II. ОРГАНИЗАЦИЈА

Член 2

Деканот го информира Наставно-научниот совет на Факултетот за склучен договор на една од седниците.

Член 3

Кога барањето за извршување на дејноста е директно доставена од Факултетот, раководителот и екипата ги формира Деканот.

Кога барањето е доставено од страна на поединец или група од вработените на факултетот, раководителот и екипата се определуваат во договор со донесителите.

Член 4

Распределбата на задачите и средствата се врши спогодбено во рамките на екипата.

Член 5

Факултетот обезбедува просторни, кадровски и административни услови за склучување на договорите за апликативна и научно-истражувачка дејност.

Материјалните трошоци направени до и после склучување на договорот паѓаат на товар на материјалните трошоци на склучениот договр за апликација или проектот за научно-истражувачка дејност по пристигнати средства.

Член 6

За секој проект се води посебен финансиски картон со приходи, расходи и салдо.

Член 7

Сите исплати се вршат по налог на раководителот на проектот односно овластено лице од групата извршители, оверен од Деканот или продеканот за финансии.

Член 8

Од секој склучен и реализиран договор од апликатаивна дејност Факултетот задржува 10%.

Член 9

Зафаќањето што го врши Факултетот се смета за приход на Факултетот кој произлегува од дејноста.

Член 10
Средствата останати по зафаќањето на Факултетот се трошат за материјални трошоци и за хонорари на директните и индиректните извршители во однос за кој решава раководителот на апликацијата и ситите ќе се исплаќаат преку сметката на Факултетот.

Член 11
Основица на персонален данок од научно-истражувачката и апликативната дејност е надоместокот остварен по овој основ намален за нужните трошоци за остварување на приходот.

Член 12
Набавената опрема и литература е сопственост на Факултетот, а за истата се задолжуваат набавувачите.

## III. НАУЧНО-ИСТРАЖУВАЧКИ ПРОЕКТИ

Член 13
Научно-истражувачките проекти финансирани од Министерството или други организации како и проекти за кои се отвора посебна жиро сметка (од типот 785) придохи од донации, се реализираат во согласност со склученниот договор, а оствареиот приход се распределува спрема критериумите на организациите финансиери - суфинансиери

Член 14
Измени и дополнувања на овој Правилник ќе се вршат по истата постапка по која е тој донесен.

Член 15
Со влегувањето во сила на овој Правилник престанува да важи Правилникот за стекнување и распоредување на приходот од апликативна и научно-истражувачка дејност бр. 01-537/1 од 21.11.1995 год.

Член 16
Овој Правилник влегува во сила со денот на неговото донесување.

Деканатска управа
Декан

Ред. проф. д-р Весна Микаровска